ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за користење и
располагање со стварите на државните органи

Член 1

Во Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија", бр.8/2005, 150/2007 35/2011)), во членот 47 ставот (4) се менува и гласи:

„Вредноста на недвижните ствари од ставот (3) на овој член што се предмет на размена, ја утврдува единицата на локалната самоуправа на чија територија се наоѓаат недвижните ствари, според методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, донесена согласно со прописите за даноците на имот."

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„Висината на закупнината на недвижната ствар, за потребите на закуподавецот, ја утврдува единицата на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа недвижната ствар и истата претставува почетна цена кај давањето на недвижна ствар во закуп со јавно наддавање."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".